**Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва**

Скопје, 06.07. 2017

Со поддршка на Проектот Комората на стечајни управници го одбележа 10-годишниот јубилеј

## Бескомпромисно кон реструктуирањето, за спас на иднината на компаниите

***Фактот што годишно во земјите на европската унија во стечај одат 200 иљади фирми ,а 1,7 милиони вработени остануваат без работа е причина повеќе за донесените директивни за реструктуирање на компаниите и спас на нивната деловна иднина.- Европските насоки за санација и реструктуирање, според претседателот на Комората на стечајни управници Ацо Петров, се повик за активно ангажирање во таа насока***

Комората на стечајни управници на Република Македонија одбележа јубилеј - 10 години од своето основање. По тој повод, на 6.јули во хотелот Холидеј Ин, местото каде што пред десет години е основана Комората, се одржа Свечена академија. Пред гостите на академијата свои обраќања имаа претседателот на Комората на стечајни управници на Република Македонија Ацо Петров, заменик министерот за економија Кире Наумов, претставникот на делегацијата на ЕУ во Македонија, Јаромир Левичек и тим лидерот на Проектот за зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва Красин Димитров.



Во своето излагање претседателот на Комората на стечајни управници Ацо Петров истакна дека динамичните промени создаваат простор и за нови насоки во дејствувањето на Комората. Со подобри решенија, вградени во европските добри практики, со подобри контролни механизми, би сакале и постапна промена на сфаќањата според кои стечајот самиот по себе се прифаќа како банкротство истакна Петров. Ќе поздравиме промени кон законска регулатива што ќе создаде претпоставки стечајот на биде брз и ефикасен, а паралелно со тоа и раното предупредување, санацијата и реорганизацијата да претставуваат можности за превентивно дејствување и на трговските друштва кај нас. Досега донесените директиви во овој домен, според Петров, а особено онаа која се однесува на санацијата и реструктуирањето, за нас претставува повик за активно ангажирање во оваа насока. Упатуваат на потребата од тековно, сеопфатно зајакнување како на органите за стечај, исто така и на должниците и на доверителите, во однос на нивните знаења, капацитетот и општото разбирање на стечајот.



Со Проектот што го реализираме во Министерството за економија, за зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација, со Комората на стечајни управници остваривме соработка во повеќе сегменти, истакна тим лидерот на Проектот, Красин Димитров. Стечајните управници учествуваа во советувањата за нормативните аспекти и основните начела на стечајните постапки, а потоа и во дебатите на тркалезните маси каде што низ конкретни примери од практиката е анализирана примената на постојната законска регулатива. Освен тоа, есенва со Министерството за економија, а за потребите на Комората, ќе реализираме  две обуки со кои очекуваме дека за професијата стечајни управници ќе се заинтересираат млади луѓе, а постојните стечајни управници ќе ги прошират своите знаења со специјалистичка обука за  реструктуирања на трговските друштва.
Поздравувајќи ги членовите на Комората, честитајќи им го јубилејот, заменик министерот за економија Кире Наумов, посака и натамошна успешна соработка со Министерството за економија, која произлегува од постојната законска регулатива. Според Наумов, усогласувањето со европската легислатива бара и континуирано проширување на знаењата на стечајните управници за подобрувања во дејствувањето. Тековните податоци говорат за околу 1.000 активни стечајни постапки, со  тоа што уште околу 8.000 трговски друштва се на проверка во УЈП, а зависно од утврдената состојба, се очекува дека за добар дел од нив ќе биде предложено отворање стечај. Ваквиот обем на работа, според Наумов, претставува сериозен предизвик за постојните 56 лиценцирани стечајни управници. Поради тоа, Министерството за економија, на барање на Комората, дефинираше две обуки кои ќе бидат реализирани есенва, а од кои се очекува за професијата стечаен управник да се заинтересираат млади луѓе. Ова

истовремено претставува можност и постојните стечајни управници да ги прошират своите знаења со специјалистичка обука за реструктуирања на трговските друштва.




Посочувајќи ја потребата од реструктуирањето на инсолвентните фирми, претставникот на делегацијата на ЕУ во Македонија Јаромир Левичек , истакна дека според податоците презентирани пред две години од страна на Věra JOUROVÁ, ЕУ комесар за правда, потрошувачи и родова еднаквост, во ЕУ 200,000 фирми банкротираат на годишно ниво – тоа е 600 дневно! што резултира во директно губење на 1,7 милиони  работни места секоја година. Околу четвртина од овие стечаи се однесуваат на бизнисите кои работат прекугранично.




Со вакви поразителни цифри, истакна Левичек, ЕУ се труди да ја модернизира правната рамка за инсолвентност. Новиот пристап се фокусира на реструктурирање на фирмите наместо нивна

ликвидација. Овој пристап им дава и на бизнисите и на нивните вработени шанса да бидат спасени и повторно да влезат во продуктивната економија кога имаат финансиски потешкотии. Бизнисите ќе бидат спасени, а претприемачите и потрошувачите ќе добијат втора шанса.

По повод 10 годишниот јубилеј, како израз на благодарност за придонесот во создавањето, развојот и поддршката на дејствувањето, на членовите на Комората, како и на институциите со кои е соработувано, беа врачени пригодни благодарници.






BOSCH
Holiday Inn
SKOPJE

